АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

____ 20__ г. Скопје  Потпис

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

Примено / Pranuar: 16.06.2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 2570 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 9 јуни 2020;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јуни 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

   - *На 14.02.2020 година, за непочитување на членот 50, став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-31 од 14.02.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.*

     *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (02.03.2020 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

   - *Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 9 април 2020 година, (Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.10-1928/1 од 13.04.2020 година), констатирано е дека субјектот на надзорот во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.*

- *На 07.05.2020 година, за непочитување на член 50, став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 Бр. 03-167 од 07.05.2020 г) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.*

  *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (07.05.2020 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 9 јуни 2020 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Правилникот за заштита на малолетните лица.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***